ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

GOVERMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

CRISIS MANAGMENT CENTER

**БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**

**АВГУСТ 2017**



# ПОЖАРИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА АВГУСТ 2017 ГОДИНА

## Прогласена кризна состојба на териториите на општините Македонски Брод и Чашка

**На 05.08.2017 година, Владата на Република Македониа одржа седница посветена на состојбите за пожарите во Република Македонија. На седницата донесена е Одлука на влада со која е прогласена кризна состоојба во подрачјето на општините Македонски Брод и Чашка, а која ќе трае 30 дена од моментот на донесување на одлуката.**

## Пожарот во атарот на с.Требовље сеуште е активен



ЦУК, 01.10.2017 - Според информациите пристигнати до 16:00 часот, пожарот во атарот на с.Требовље сеуште е активен во м.в.ЛУТОЕЦ, покрај патот што води од с.Самоков (м.в.Дреноец) до с.Требовље. Патот се протега низ густа борова шума распространета од двете страни на патот. Во тој дел активно жариште има на м.в.Јасикоец, во непосредна близина на с.Растеш, каде што засега постои реална опасност од опожарување на 2 куќи. Доколку дојде до проширување на пожарот може да биде загрозено и населеното место с.Растеш во кое има околу 30 домаќинства.

Во непосредна близина на влезот во с.Требовље, на одалеченост од 500 – 600 метри има друго жариште на пожар од кое може да биде повторно загрозено с.Требовље. Исто така и од подножјето на м.в.ФОЈНИК, во непосредна близина на с.Требовље постои уште едно жариште од кое може да биде загрозено с.Требовље.

Поради големината на просторот, лошиот терен, видот на горивата материја (борова шума, високите темпетатури и присуство на ветар има потреба од дополнително ангажирање на сили и средства).

Во моментов ангажирани се следните сили и средства: На пожарот во атар на с.Требовље ангажирани се околу 130 лица и тоа: месно население; ТППЕ Македонски Брод; 4 екипи на ТППЕ од регионот; 1 авион на ДЗС и 1 хеликоптер од АРМ кои во моментов дејствуваат; војници од гарнизон Кичево; ЈП Македонски Шуми Македонски Брод; ЈП Македонски Шуми Кавадарци; ЕЛС Македонски Брод; Една медицинска екипа од Здравствен дом Мак.Брод.

На пожарот на атарот на с.Близанско нема распоредено сили бидејќи проценка е дека селото не е загрозено меѓутоа на поедини места во правец на с.Близанско забележано е ширење на пожарот. Пожарот во с.Слатина е локализиран.

## Апел на ТППЕ –Тетово




ЦУК, 01,08.2017 - Апел од страна на ТППЕ –Тетово до граѓаните на Општина Тетово и петте рурални општини кои гравитираат кон општина Тетово.

Апелираме до сите жители на општината и пошироката околина, да во престојниот летен период од годината каде температурите на воздухот достигнуваат и 40 степени целзиусови, а и од статистичките податоци и искуствата од претходните години со кои располагаме, ни даваат до знаење дека голем број од пожарите во овој период од годината се пожари на отворен простор и тоа пожари на шуми,земјоделски површини и површините покрај локалните, регионални и магистрални патишта.

Затоа апелираме крајно внимателно и совесно да се однесуваме кон апелите на релеватните фактори,односно
-да не се палат огнови во шумите, и излетничките места кои се и со закон регулирани.
-Да не се фрлаат отпушоци од цигари пластики, и хартиени отпадоци покрај локалните, регионалните и магистралните патишта
-да не се палат стрништата , на земјоделските површини
-навремено да се поправат земјоделските машини со кои се обработуваат нивите, од течење на гориво и уље од моторите кои од високите температури можат лесно да се самозапалат.

Со придржување кон овие апели и со совесно однесување, ќе допринесеме кон сочувување на природата која живот ни значи, како и помали материјални штети на граѓаните и материјалните добра.

## Состојба со пожарите во општина М. Брод и во други региони



**ЦУК, 02.08.2017 - Според информациите пристигнати до 11:00 часот состојбата со пожарите на територијата на Македонија е следна:**

**Пожарот во атар на с.Требовље, општина Македонски Брод сеуште е активен. Состојбата на терен е посмирена, намалено е ширењето на пожарот према селата Растеш и Требовље.**

**На местото на пожарот во моментот дејствуваат 2 авиони на ДЗС а се очекува активирање и на 2 хелихоптери од АРМ. На терен присутни и активни во гасење на пожарот се екипи на: ТППЕ-М.Брод, ТППЕ-Скопје, ТППЕ-Куманово, Македонски Шуми. Исто така присутни и активни во гасење на пожарот се припадници на ДЗС, АРМ, ШС Македонски Брод, ШС Кавадарци, доброволци од Скопје и месно население.**

**На територија на РЦУК Велес има еден активен пожар. Ги зафаќа падините на Горна Јакупица. Со пожарот е зафатена мешана шума (бор и бука). Во гасењето ангажирани се лица вработени во ШС Бабуна Велес.**

**На територијата на Град Скопје нема регистрирано активни шумски пожари. Пожарот од вчера на борова шума во селото Орман во општина Ѓорче Петров е локализиран во текот на вчерашниот ден во вечерните часови (околу 23.00 часот). Во неговото гаснење учествувале припадниците на БППЗ, лица од месното население како и вработени во комуналните служби при Општина Ѓорче Петров.**

## Активни пожари на територија на Македонија



**ЦУК. 0308.2017 - Според пристигнатите информации до 8:00 ч. утрово состојбата со пожарите во земјата е следна:**

**Југозападен плански регион**
**Пожарот во атарот на с.Требовље (опш.Македонски Брод) сеуште е активен, но засега нема опасност за селото. Исто така спречено е и напредувањето на пожарот кон с.Растеш и тој дел од пожарот се контролира. На овој простор дејствувале припадниците на АРМ, ТППЕ Скопје, ШС Македонски Брод и ШС Кавадарци.**

**Тетовско-полошки плански регион**
**Пожарот кој што е активен во с.Здуње (истиот пожар од с.Требовље) во Македонски Брод има тенденција за проширување на атарот на с.Гургурница (опш.Тетово). Шумскиот пожар во реонот помеѓу селата Девич и Грешница, е акивен, но моментално нема опасност во населено место. Во гасење на овој пожар интервенираат ТППЕ Македонски Брод и ШС Македонски Брод. Пожарот што подолго време е активен во реонот на Македонски Брод, во попладневните часови на ден 02.08.2017 година е префрлен на територијата на Општина Гостивар, во атарот на селата Корито и Железна Река. Пожарот е на непристапен терен за возила. Зафатена е површина обрасната со сува трева, смрека како и мешана шума. Во гасење на пожарот кај с.Железна Река интервенира екипа од ШАР Гостивар. Истиот од страната накај с.Страјане и кај манастирот е локализиран, додека од спротивната страна е сеуште активен. ШС „Шар“ – Гостивар, известува дека во атарот на с.Корито гори сува трева и пасишта и состојбата таму не е опасна.** **(продолжува на стр. )**

**Северен (скопски) плански регион**
**Од БППЗ на град Скопје известуваат дека во текот на вчерашниот ден од 21:45 часот, интервенираат на запалена шума во атарот на с. Студеничани (општ. Студеничани)**

**Пелагонски плански регион**
**Во текот на вчерашниот ден околу 14:30 часот се појавил пожар во атарот на с.Локвени према с.Подвис и со кој е зафатена деградирана дабова шума. Во текот на денот интервенирале ТППЕ Крушево, ТППЕ Кривогаштани, лица од месно население и вработени во ШС „Липа“ – Крушево. Во близина на пожарот е и манастирот „Св.Атанасие“ – с.Локвени. Во утринските часови на терен интервенираа ТППЕ Крушево и ШС „Липа“ – Крушево.**

**Повардарски плански регион**
**Има активен пожар кој ги зафаќа падините на Горна Јакупица. Пожарот е на тешко достапен терен. Во гасењето биле ангажирани вработени на ШС „Бабуна“ – Велес.**
**Во доцните попладневни часови, во атарот на с.Богомила, м.в.Сеченица повторно се појавил пожар со кој е зафатена сува трева и ретки дрва. На овој пожар интервенирала екипата од ШС „Бабуна“ – Велес.**

**Источен плански регион**
**Во текот на вчерашниот ден, во претпладневните часови на потегот помеѓу селата Теранци и Видовиште (опш.Зрновци – Кочани) кај м.в.Трнавица избувнал шумски пожар во ниска шума и започнал да се шири спрема манастирот Света Петка на планината Плачковица. Во гаснењето на пожарот учествуваат ТППЕ Кочани, ШС „Осогово“ – Кочани и лица од месното население. Од последните информации пожарот не е локализиран и веќе е проширен на висока шума. Побарано е во гаснењето на пожарот да се вклучи и хеликоптер. Пожарот е активен, но не претставувал опасност за селата во таа област. Од утринските часови интервенираат ТППЕ Кочани.**

## <u>Пожарот е сеуште активен на ЛУТОЕЦ</u>



**ЦУК. 03.08.2017 - Информација за пожарите во Р. Македонија и состојба до 16:30 ч.**

**Југозападен плански регион**
**Пожарот е сеуште активен на ЛУТОЕЦ - во атарот на с.Растеш кај м.в. ЈАСИКОЕЦ и од другата страна на с.Растеш према населеното место ЗАГРАД. Во моментов ангажирани се следните сили и средства: за пожарот во атар на с.Требовље: припадници на АРМ; 2 хеликоптери еден од АРМ и 1 од соседна Бугарија; БППЗ – Скопје; месно население од с.Растеш и доброволци од Тетово; ЈП Македонски шуми Мак.Брод; Вработени на ЈП Македонски Шуми Мак.Брод се ангажирани за дејствување на пожарот во с.Девич, кој е ставен под контрола.**

**Пелагониски плански регион**
**Пожарот во атарот на с.Подвис кон с.Локвени е сеуште активен. Гори нискостеблеста деградирана дабова шума. Попладнето пожарот во делот кон с.Локвени е локализиран, но се префрла по ридот накај селата Алданци и Норово. На терен се екипи на ТППЕ Крушево, ЈП „Липа“, ДЗС Битола, ТППЕ Кривогаштани, и интензивно се работи на негово гаснење. Пријавен е пожар на нискостеблеста дабова деградирана шума во атарот на с.Житоше. На терен се вработени од ЈП „Липа“. Пожарот е делумно локализиран. Екипата е сеуште на терен и работи на целосно изгаснување на истиот.**

**Тетовско-полошки плански регион**
**Во пожарот кај с.Корито, кој од лева страна односно од селата Гургурница и Порече се движи кон с.Корито, гори сува трева. За гасењето на пожарот испратена е екипа на „Македонски Шуми’ Гостивар, а месното население веќе дејствува. „Македонски шуми“ Тетово интервенираат на опожарена нискостеблеста шума и сува трева над с.Копанце - опш.Јегуновце. Се работи за пожар кој пред 4 дена беше активен од страната на селата Радуша и Дворце од скопскиот регион. Направен пресек за пожарот да не се спушти надолу кон селото каде што има и мала шума. Засега нема опасност од проширување и опожарување на шумата.**

**Северен (скопски) плански регион**
**Во поладневните часови појавен е пожар на мешана шума од левата страна на браната Матка, на непристапен терен. Пожарот се шири кон браната Матка и кон планината Водно. Околу 15:30 часот добиена е информација дека пожарот се префлил и на десната страна од браната и се шири кон с.Шишево. Неколку екипи на БППЗ на Град Скопје се испратени на теренот. Пожарот кај с.Студеничани е сеуште активен.**

**Источен плански регион**
**Пожарот во атарот на с.Видовиште, кој се движеше во правец на манастирот Св.Петка денес околу 12:00 часот е локализиран. На терен се останати екипи од ТППЕ и ШС Осогово. Состојбата се следи.**

# Пожарот кај браната Матка локализиран

**Информација за пожарите во Р. Македонија и состојба до 08:00 ч. (04.08.2017)**

**Југозападен плански регион**
Пожарот кај Лутоец - м.в.Змијарник, с.Требовље е сеуште активен, Се простира на мести викано ЛУТОЕЦ - во атарот на с.Растеш кај м.в.ЈАСИКОЕЦ и од другата страна на с.Растеш према населеното место ЗАГРАД. Во тектот на вчерашниот ден во негово гаснење интервенирале следните сили: АРМ (за пожар во с.Требовље и дел од атар на с.Растеш); 2 хеликоптери еден од АРМ и 1 од соседна Бугарија и истите дејствувале во атарот на с.Растеш; екипа на БППЗ Скопје; месно население од с.Растеш и доброволци од Тетово (пожар во с.Растеш); ЈП Македонски шуми Мак.Брод; Екипа од ЈП Македонски Шуми Мак.Брод е ангажирана за дејствување на пожарот во с.Девич. Пожарот во с.Девич од попладневните часови повторно е активен.



**Пелагонски плански регион**
Пожарот кој започна на ден 02.08.2017 година во атарот на с.Подвис кон с.Локвени, општина Крушево е сеуште активен. Гори нискостеблеста деградирана дабова шума. Во текот на вчерашниот ден интервенирале екипи од ТППЕ Крушево, ТППЕ Кривогаштани, ЈП „Липа" и екипа од ДЗС Битола. Според последните информации добиени во 21,00 часот пожарот е сеуште активен и истиот е префрлен према селата Алданци и Норово. Утрово екипите продолжуваат со гасењето на пожарот.

**Тетовско-полошки регион**
Пожарот кој е активен десетина дена во с.Требовље Македонски Брод се префрлил на другата страна кон општините Брвеница и Гостивар во делот на с.Корита. Во пожарот кај с.Корито, кој од лева страна односно од селата Гургурница и Порече се движи кон с.Корито, зафатена е сува трева. На терен била испратена екипа од „Македонски Шуми' Гостивар. Екипа на „Македонски шуми" Тетово интервенирала на опожарена нискостеблеста шума и сува трева над с.Копанце - опш.Јегуновце. Се работи за пожар кој пред 4 дена беше активен од страната на селата Радуша и Дворце од скопскиот регион. Во текот на вчерашниот ден направен пресек за пожарот да не се спушти надолу кон селото каде што има и мала шума. Пожарот во с.Железна Река е сеуште активен. Во текот на вчерашниот ден од страната на с.Страјане истиот е локализиран додека во јужна страна односно кај м.в.Крушевица сеуште е активен. Екипа од Македонски Шуми и мештани интервенираат за гаснење на овој пожар.

**Северен (скопски) плански регион**
Според последните информации од БППЗ на град Скопје, пожарот кај браната Матка, е локлизиран. На место на пожарот во текот на ноќта имало дежурна екипа ЈП. Во утринските часови имаше еден налет и интервенција од еден хеликоптер. Од вечерените часови на ден 02.08.2017 година, се интервенира на запалена мешана шума на во атарот на с.Студеничани. Интервенираат со 2 ПП возила и 6 пожарникари. Утрово во гаснењето на пожарот интервенираат вработни од ШС Караџица.(опш.Студеничани). Во текот на вчерашниот ден во вечерните часови околу 20,00 часот појавен е нов пожар на планина Жеден во атар на с.Бојане. Во гаснењето на пожарот интервенирааа пожарникари и месното население. Утрово во гаснењето на пожарот ќе интервенираат ШС Караџица.

**Повардарски плански регион**
Пожарот на падините на Горна Јакупица од 01.08.2017 година е сеуште активен. Пожарот зафаќа подрачје кое пред неколку години горело и е прекриено со суви дрва. Теренот е тешко достапен. Во попладневните часови (16,30ч) добиена е информација дека во близина на с. Богомила на 5 километри во м.в. Црвен Дол има пожар. На пожарот дејствувале екипа на ШС Бабуна, месно население а и екипа од ДЗС Одделение Велес. Пожарот околу 20,30 часот бил ставен под контрола. Според последните информации добиени во 22,30 часот пожарот е обновен. Со пожарот се загрозени и викенд куќи. За моменталната состојбата известени се ТППЕ Велес. Во 21,10 часот во атарот на с. Дреново, во месноста Дреновска Корија појавен е шумски пожар. Во гасењето се ангажирани вработени во ШС Бабуна и пожарникари со 1 ПП возило.

## Во гасењето на пожарите вклучени хеликоптери на АРМ, Р.Бугарија и Р.Турција



**Информација за пожарите во Р. Македонија и состојба до 11:00 ч. (04.08.2017)**

**Северен (скопски) плански регион**

**Пожарот кај браната Матка, во моментот се води како локализиран. На место на пожарот во текот на ноќта имало дежурна екипа од ЈП Паркови и зеленило. Во утринските часови имало еден налет и интервенција од еден хеликоптер. Пожарот кај с.Студеничани, каде биле 2 жаришта, едното се води како локализирано, а другото дими. Пожарот кај с.Бојане е на непристапен терен и има заминато екипа на терен (опш.Сарај).**

**Југозападен плански регион**

**Пожарот во атарот на с.Требовље и с.Растеш сеуште е активен, и во гаснење на истиот ангажирани се следните сили и средства: АРМ (за пожар во с.Требовље и дел од атар на с.Растеш); 3 хеликоптери (по 1 од АРМ, од Р.Бугарија и од Р.Турција) кои дејствуваат од утринските часови; месно население од с.Растеш и лице од с.Заграда, а се упатуваат и доброволци од Кичево, Прилеп и Скопје; Силите на ШС „Сандански“ – Македонски Брод се ангажирани за дејствување на пожарот во с.Растеш и истите превземаат активности за локализирање на пожарот како не би се приближил до куќите и шталите со стока кои се во подножјето на с.Растеш, како и спречување на пожарот во м.в.КОРИТСКИ ДОЛ кој не би се проширил према селата Растеш и Заград; На пожарот во с.Девич ангажирани се лица од ШС „Сандански“ – Македонски Брод. Пожарот го контролираат и горните куќи од с.Девич не се загрозени, но пожарот сеуште е активен со намален интензитет на м.в.ПОПЕЦ. На пожарот во атарот на с.Близанско, интервенирал и 1 хеликоптер и засега нема поголеми жаришта.**

**Пелагонски плански регион**

**Пожарот кај Подвис – Локвени, кој се прошири во пределот по ридот према селата Алданци и Норово сеуште е активен. Горат стрништа и нискостебелста деградирана дабова шума. На терен моментално интервенираат екипи на ТППЕ Крушево и ЈП „Липа“ – Крушево.**

**Тетовско-полошки плански регион**

**Во реонот на Тетово активни се 2 пожари на отворен простор и тоа: Над с.Копанце каде гори површина обрасната со сува трева по сртот на Планината Жеден и не е зафатена шума. На лице место е екипа од ШС „Лешница“ – Тетово. Во атарот на с.Гургурница активен е пожарот што од страната на Македонски Брод се префрли на територијата на опш.Брвеница. Гори сува трева и пасишта. Екипа од ШС „Лешница“ – Тетово е на терен и ја следи состојбата.**
**Пожарот во с.Железна Река е локализиран во 23:00 часот на ден 03.08.2017 година.**

**Повардарски плански регион**

**Во атарот на с.Дреново, во месноста Дреновска Корија од 21:10 часот на ден 03.08.2017 година има активен пожар со кој е зафатена шума под даб, јасен и бука. На терен се вработените на ШС „Бабуна“ – Велес, но пожарот е интензивен и се бара гасење од воздух. Пожарот во атарот на с.Богомила во месноста Црвен Дол кој на ден 03.08.2017 година во 20:30 часот беше ставен под контрола, а околу 22:15 часот повторно е обновен. Утрово на лице место се упатени екипи на ШС „Бабуна“ – Велес и ДЗС Велес. Од ДЗС известуваат дека на пожарот веќе интервенира авион.**
**Пожарот на падините на Горна Јакупица е активен, а теренот е непристапен за гасење.**

## Состанок на Координативно-оперативно тело за справување со пожари



**Денес во Центарот за управување со кризи на Република Македонија се одржа состанок на Координативно-оперативното тело за справување со пожари формирано од Управувачки Комитет. Во присуство на директорот на ЦУК, м-р Агрон Буџаку, раководителот ка Координативно-оперативното тело Драги Тарчуговски и претставници на институции и организации кои учествуваат во справувањето со пожарите, беа разгледани мерки и акктивности за подобрување на кординацијата меѓу субјектите во СУК.**

## Состојба со пожарите на територија на Македонија



**ЦУК.04.08.2017 - Информација за пожарите во Р. Македонија и состојба до 18:00 ч. Северен (скопски) плански регион Попладнето се појавил појавил пожар кај с.Осинчани, за што испратена е екипа од БППЗ на град Скопје да интервенира. Во овој реон приметен е и пожар кај с.Јаболце (опш.Сопиште). Примена е дојава и за пожар над с.Волково за што се известени ШС Караџица и БППЗ на град Скопје (опш.Ѓорче Петров). Исто така, примена е дојава за пожар над с.Бојане кон с.Копаница (опш.Сарај). Пожар кај с.Орешани е активен. Попладнето ја поминал Орешанска река и оди кон неколку стаји кај с.Вражале. Зафатена е нискостеблеста шума – смрека. Исто така, има дојава дека пожарот на Матка повторно се активирал. Според информациите од теренот пожарот ја сменил насоката кон манастирот Шишевски. Екипа на ЈП „Паркови и Зеленило“ веќе работи на сртот бидејќи теренот е непристапен. Пожарот кај Барово брзо се разгорува и прети да ја зафати боровата шума кон Водно. На лице е упатена екипа од ЈП Паркови и Зеленило. За пожарот кај с. Моране, дејствуваат екипи на БППЗ. Покрај ова БППЗ надвор од градот имаат екипи на следните места: Долна Матка, с.Рашче, с.Елово (опш.Студеничани), с.Никиштани (опш.Ѓорче Петров).**

**Југозападен плански регион**
**Пожарот во атарот на с.Требовље и с.Растеш сеуште е активен и во гаснење на истиот ангажирани се следните сили и средства: АРМ (за пожар во с.Требовље и дел од атар на с.Растеш); 2 хеликоптери (интервенирале попладнето); лица од месно население од с.Растеш и с.Заграда и доброволци од Кичево, Прилеп и Скопје; Пожарот од атарот на с.Растеш се прошири на атарот на с.Волче. Исто така не се исклучува можноста пожарот да се прошири во атарот на населените места Битово и Заград. Во врска со пожарот на атарот на с.Близанско, м.в.Брдо и м.в.Круша, повторно се активира и истиот се движи према м.в.ФОЈНИК. На пожарот во с.Девич ангажирани се лица од ШС „Сандански“ – Македонски Брод и пожарот го контролираат и горните куќи од с.Девич не се загрозени, но пожарот е активен и со намален интензитет на м.в.ПОПЕЦ. На пожарот во атарот на с.Могилец интервенираат ТППЕ Македонски Брод, лица од месното население и лица од ШС „Сандански“. Пожарот се шири према атарите на селата Клуќерец и Инче према м.в.ДАБ, како и према атарот на с.Модриште. Гори дабова и борова шума. Од 17:00 часот интервенираат и два авиони на ДЗС. Во с.Могилец опожарени се 2 напуштени дотраени куќи, 3 куќи во кои живеат луѓе од селото и 1 куќа е делумно оштетена. Интервенираат и ТППЕ Прилеп.**

**Пелагонски плански регион**
**Пожарот во атарот на с.Подвис сеуште е активен. Гори нискостеблеста деградирана дабова шума, сува трева и стрништа. Поради високите температури, правецот на ветерот и непристапноста на теренот отежнато е гаснењето. Пожарот се шири од пределот по ридот према с.Алданци. Во соработка со ЕЛС Крушево, во раните утрински часови ќе бидат испратени екипи од ТППЕ и ЕЛС Крушево за негово целосно ликвидирање.**

**Пожарот во атарот на селата Дрен – Смолани, е активен и веќе се проширува на горниот дел на планината. Зафатена е претежно ниско стеблеста дабова шума, чалија, смрека и др. Екипата е сеуште на местото на настанот, а се работи за непристапен терен.**

**Тетовско-полошки плански регион**
**Во реонот на Тетово активни се 2 пожари на отворен простор и тоа: Над с.Копанце каде гори површина обрасната со сува трева и ситна деградирана шума на Планината Жеден. Истиот по сртот на планината е проширен кон с.Туденце, а се движи и во правец на с.Бојане (опш.Сарај). Во атарот на с.Гургурница (опш.Брвеница) активен е пожарот со кој гори сува трева и пасишта. Во гаснење на пожарот учествуваат лица од месното население. Во општина Гостивар, активен е пожарот во атарот на с.Корито, каде нема можност да се интервенира.**

**Повардарски плански регион**
**Пожарот во атарот на с.Дреново, во месноста Дреновска Корија е активен и со истиот зафатена е шума под даб, јасен и бука, на голема површина. Во меѓувреме појавени се уште два пожара на блиска локација. На терен биле лица од ШС „Бабуна“ – Велес. Пожарот полека се движи кон планината Лисец. Пожарот во атарот на с.Богомила кој се закануваше да го зафати манастирот св.Спас и селото Богомила е изгаснат со помош на авионите на ДЗС и екипи на ШС и ДЗС Велес. Другиот дел од пожарот е активен и се движи кон прилепска страна. Пожарот на падините на Горна Јакупица е активен, а теренот е непристапен за гасење.**



## Прогласена кризна состојба на териториите на општините Македонски Брод и Чашка

На 05.08.2017 година, Владата на Република Македониа одржа седница посветена на состојбите за пожарите во Република Македонија. На седницата донесена е Одлука на влада со која е прогласена кризна состоојба во подрачјето на општините Македонски Брод и Чашка, а која ќе трае 30 дена од моментот на донесување на одлуката.

Одлуката е донесена по анализата на сите добиени информации од релевантни фактори и институции кои што се вклучени во справување со пожарите: Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, ЈП Македонски Шуми, Министерството на земјоделство шумарство и водостопанство, односно Шумската полиција.

Предходно имаше седница на Управувачкиот комитет за управување со кризи, на која што врз основа на заклучоците кои што ги имаа од групата за проценка, се донесе предлог одлука до Владата на Република Македоднија, да се прогласи кризна состојба во подрачјето на општина Македонски Брод и општина Чашка, бидејки во овие две подрачја веќе неколку дена има активни пожари.

## АПЕЛ до граѓаните

Поради високите температури кои се очекуваат овие денови се зголемува ризикот од избувнување пожари на отворени места.

Центарот за управување со кризи упатува апел до граѓаните да внимаваат при посети на отворени места или при работни активности во шумите и други локации кои се со обрасната или необрасната шума и да не користат запаливи материи, кои можат да предизвикаат пожар од пошироки размери.

Истовремено, ги потсетуваме граѓаните, доколку забележат одредени сомнителни места во кои е присутен оган или дим, веднаш да ги известат надлежните служби во најблиските институции и установи или да се јават на телефонскиот број 195, како број за итни повици на Центарот за управување со кризи.

Апелираме до населението овој број да не се злоупотребува за лажни повици, кои би предизвикале несакани последици по мирот, спокојството и безбедноста на граѓаните.





## Седница на ГШ за управување со кризи по повод зголемениот број на пожари на подрачјето на општините Македонски Брод и Чашка

По повод Одлуката на Владата на Република Македонија за прогласување на кризна состојба на подрачјето на општините Македонски Брод и општина Чашка, заради зголемена појава на пожари, денес (недела, 06.08.2017 година) во Центарот за управување со кризи се одржа седница на Главниот штаб за управување со кризи со која раководеше директорот ЦУК, м-г Агрон Буџаку.

На седницата на која присуствуваа преставници на АРМ, МВР, МЗ, МТВ ДЗС, ЈП Македонски шуми, ЈП за пасишта, ЗЕЛС, АР и ДИШЛ беа донесени следните одлуки: „Предлог акциски план за превенција и справување со пожарите на подрачјата на Македонски Брод и Чашка“ и „Предлог план за кординирано дејствување во кризните подрачја на општините Македонски Брод и Чашка“, кои во текот на денот ќе бидат доставени до Владата на Република Македонија. Истовремено од присутните, согласно Оперативните процедури беше формирано работно тело и медиа центар.

## Состојба со пожарите на територија на Македонија

**ЦУК. 06.08.2017 - Информација за пожарите во Р. Македонија и состојба до 16:30 ч.**

**Југозападен плански регион**

**На подрачјето на општината Македонски Брод активни се следните пожари: Во атарот на с.Брест м.в ФОЈНИК,гори сува трева, смрека,дабова шума и лисна постилка и пожарот е под контрола. Во атарот на с.Могилец, гори сува трева, смрека, дабова шума и лисна постилка и пожарот е под контрола но може да биде пренесен од пожарот од атар на с. Калуѓерец. Во атарот на с.Калуѓерец, гори сува трева, смрека,дабова шума и лисна постилка и постои опасност од загрозување на селото, пожарот се шири према атар на с.Модриште каде гори сува трева и ниско стеблеста шума, но нема опасност од префрлање на пожарот према населеното место Модриште поради природната препрека од реката Треска. Во атарот на с.Локвица м.в ВИДУШ гори сува трева и на поедини места смрека. Во атарот на с. Волче м.в ЌАФА, по потечението на река ВОЛЧИЦА, и во подножјето на м.в ЧЕЛАДАР во правец на с.Волче, гори дабова шума, сува трева ,лисна постилка и смрека и пожарот постепено се шири од м.в СУВА ГОРА према населено место Волче. Во гаснењето на пожарите во моментот ангажирани се следните сили и средства: АРМ (за пожар за атар на с.Брес кои се лоцирани на атар на с.Требовље); ЈП Македонски Шуми Мак.Брод; ТППЕ Мак.Брод и ЈП Македонски Шуми од Кавадарци (се ангажирани за атар на селата Могилец и Калуѓерец); ЈП Македонски Шуми Мак.Брод за атар на с.Локвица и месно население за атар на с.Волче. Во моментов пожарите се под контрола но поради високите температури во текот на денешниот ден не се исклучува можноста од нивно проширување.**

**Повардарски плански регион**

**Пожарот во атарот на с. Дреново, во месноста Дреновска Корија, општина Чашка сеуште е активен во шумскиот дел. Зафатена е дабова шума, јасен и бука. За гасење на пожарот ангажирани се ШС Бабуна, ДЗС и 2 хеликоптери на АРМ. Со дејствувањето од воздух успешно е изгасен пожарот во карпестиот предел. На теренот се изработени пресеки за спречување на понатамошно ширење на пожарот. Пожарот во атарот на с. Богомила-месност Бела Вода, општина Чашка е ставен под контрола. Се гледаат поедини задимувања од заостанати трупци внатре во жариштето. Пожарот на падините на Горна Јакупица е активен, теренот е непристапен за гасење. Северозападно од с. Горно Јаболчиште во месноста Диков Гроб на патот кон Горно Begово, околу 14,42 часот појавен е нов пожар. Опожарена е површина со низок бор (кривул). Во текот на вчерашниот ден, во попладневните часови, во атарот на с. Човец, општина Демир Капија појавен е пожар на тешко пристапен терен со кој е зафатена нискостеблеста шума и прнар. Денес за гасење на пожарот ангажирани се пожарници и вработени во ШС Демир Капија. Според последните информации во 16,00 часот пожарот е ставен под контрола. Екипите се на терен ја контролираат опожарената површина. На тромеѓето помеѓу селата Гудјаково-Дрен и Галиште во месноста Галишки Осој, општна Кавадарци преминат е пожарот од с. Дрен, општина Прилеп. Пожарот се шири од четири места и може да навлезе во старо сечиште. Ангажирани се екипи на ДЗС од Прилеп, ТППЕ Прилеп, лица од ловиште Кавадарци и вработени во ШС Бор од Кавадарци. (продолжува стр. )**

**Северен (скопски) плански регион**



**Пожарот кај браната Матка се уште чади, односно се гледа пламен и тоа на непристапен терен- срт (карпест дел) кој се наоѓа блиску до браната, но дека истиот нема можност за ширење и моментално е мирно. Пожарот во атерот на село Градовци сеуште е активен, гори мешана шума. На терен интервенираат екипи на БППЗ и ДЗС. Појавени се 2 пожари на патот за селото св.Петка каде е зафатена густа шума, на непристапен терен. Пожар има во пределот од село Никиштани према село Грачани од десна страна на патот, на непристапен терен Појавен е пожар во пределот на м.в. Дуња одалечено на 30-40км од последното село Алдинци. На неприспен терене. Попладнето повторно се запалил пожар во Долно Количани. За гасење на истиот испратени се екипи на БППЗ на град Скопје. Моменталната состојба со останатите пожари кои беа активни вчера на територијата на Градот Скопје се локализирани. Луѓето кои се на терен будно ја следат состојбата.**

**Пелагонски плански регион**

**Пожарот во атарот на с.Подвис, каде горела нискостеблеста деградирана шума е локализиран. Пожарот во атарот на селата Дрен, Смолани и Радобил, општина Прилеп е активен. Гори нискостеблеста дабова шума, чалија, смрека и др. Пожарот се шири во еден правец кон Дрен, и во друг кон Гуѓаково, и кон Галиште (Кавадаречко). На терен интервенираат вработени од ЈП Македонски шуми Прилеп и ТППЕ Прилеп.**

**Тетовско-полошки плански регион**

**За гасење на пожарот кај с.Гургурница се очекува да бидат вклучени авиони или хеликоптери. На терен дејствуваат пожарникари во гасењето на пожарот кој се шири кон с.Гургурница. Пожарот во атар на с.Корито,општина Гостивар е сеуште активен. Зафатена е површина со сува трева и пасишта и нискостеблести жбунести растенија со тенденција проширување и зафакање на високо стеблести растенија. Во гаснењето на пожарот интервенирале и хеликоптери. Екипата од ТППЕ Гостивар ја следи состојбата но не може да интервенира заради непристапен терен. Во општина Јегуновце во селата: Сиричино, Туденце и Копанце пожар на отворен простор е сеуште активен. Гори сува трева и огнот се движи кон Жеден. На лице место интервенира екипа од ПСШ Лешница Тетово. Денеска околу 12,00 часот е интервенирано е и со хеликоптери.**

**Источен плански регион**

**Пожарот кој се појави вчера во попладневните часови, во атарот на с. Владимирово кај место викано Кочански рид е под контрола. Во пожарот е зафатена сува трева и ниско стеблеста шума (грмушки) . Во моментот на терен се вработени од ШС Малешево и лица од локалното население.**

**<u>Состојба со пожарите на територија на Македонија</u>**

**ЦУК,07.08.2017, 16:30 ч.**

**Југозападен плански регион**

**На подрачјето на општина Македонски Брод активни се следните пожари: Во атар на с.Брест м.в ФОЈНИК, гори сува трева, смрека, дабова шума и лисна постилка. Во атар на с.Могилец, каде гори сува трева, смрека, дабова шума и лисна постилка. Во атар на с.Калуѓерец, гори сува трева, смрека,дабова шума и лисна постилка. Пожарот се шири према атар на с.Модриште каде гори сува трева и ниско стеблеста шума но нема опасност од префрлање на пожарот према населеното место Модриште поради природната препрека од реката Треска. Во атар на с.Локвица м.в ВИДУШ гори сува трева и на поедини места смрека и истиот е под контрола. Во атар на с. Волче м.в ЌАФА по течението на река ВОЛЧИЦА и во подножјето на м.в ЧЕЛАДАР во правец на с.Волче гори дабова шума, сува трева ,лисна постилка и смрека и пожарот постепено се шири кон м.в СУВА ГОРА и према населеното место Волче. Во овие места ангажирани се следните сили и средства: АРМ (за пожар за атар на с.Брес кои се лоцирани на атар на с.Требовље); ЈП Македонски Шуми Мак.Брод , ЈП Македонски Шуми од Кавадарци и ТППЕ – М.Брод (се ангажирани за атар на селата Могилец и Калуѓерец); ЕЛС – М.Брод и лица од месно население за атар на с.Волче.**

**Повардарски плански регион**

**Пожарот во реонот на Горна Јакупица сеуште е активен. Пожарот во близина на с.Дреново, денес се повтори на некои места, но е ставен под контрола. Пожарот на отворен простор на подрачјето на с.Галиште Општина Кавадарци сеуште е активен.**

**Пелагонски плански регион**

**Пожарот во атарот на селото Дрен е активен и гори нискостеблеста дабова шума.** **(продолжува стр. )**

**Тетовско-полошки плански регион**
**Пожарот над селото Туденце се проширил накај село Сириќино каде што гори мешана шума. Пожарот во Фазенерија е локализиран. Пожарите во моментот се сеуште активни и се приближуваат кон село Гургурница каде што е зафатена и помала шума.**

**Источен плански регион**
**Пожарот во атарот на с.Владимирово на м.в. Кочански пат е локализиран.**
**Пожарот на планината Плачковица во близина на село Шипковица-полска болница сеуште е активен, зафатено е високостеблеста мешана шума од бор, даб и бука. Екипите активно работат во санирање на состојбата.**

**Североисточен плански регион**
**Пожарот во општината Старо Нагоричане -место с.Руѓинце сеуште е активен, каде гори сува треваи нискостеблести растенија.**

## Состојба со пожарите на територијата на Македонија до 11:00 ч. 08.08.2017

**Охридски регион**
**Пожарот кај м.в.Фрлогоец (Женска Планина) кај Бистра Планина сеуште е активен, гори сува трева и нискостеблеста шума на непрестапен терен. На терен се наоѓаат вработени во ШС Лопушник кои го контролираат теренот. На подрачјето на Македонски Брод ситуацијата со пожарите е следна: Во моментов активен пожар има во атарот на с.Волче во подножјето на Сува Гора на м.в.Мрамор и м.в.Брдо. Пожарот кај м.в.Фојник накај с.Брест е сеуште активен. Пожарот во селата Калуѓерец и Могилец пожарот е ставен под контрола. Останатите пожари се под контрола а поголемиот дел се локализирани.**



**Велешки регион**
**Пожарот кај с.Гуѓаково во правец кон Црна Река е сеуште активен. Гори висока сува трева и трња. Активен пожар има и на потегот Никодин – Јасеновска Глава.**

**Скопски регион**
**Активен шумски пожар има помеѓу селата Никиштани и Грачани.**

**Битолски регион**
**Пожарот Дрен – Смолани, Прилепско се движи кон Тиквешијата и слегува према реката Црна. Огнот е раширен во три краци од кои едниот крак се движи од м.в.Степаново Сено кон врвот Клен каде моментално пожарот е приземен и нема опасност од проширување. Другиот крак оди према Гуѓаково односно према река Црна и третиот огнен крак се движи од м.в.Србиново према Галиште. Гори сува трева, чалија, смрека, и дабова шума. Пожарот во с.Никодин Прилепско се уште е активен во неуредена шума (шикара). Пожар на отворен простор има и кај с.Врбоец – Крушевско. Гори нискостеблеста дабова шума.**

**Тетовски регион**
**Пожарот над с.Туденце кон складот на АРМ, Еребино и с.Сиричино, со помош на хеликоптерите, мештаните, ЈП Макаедонски Шуми и ТППЕ Тетово е ставен под контрола. Пожарот во близина на с.Гургурница со помош на хеликоптерите, мештаните, ЈП Макаедонски Шуми и ТППЕ Тетово исто така е локализиран, но истиот се шири кон с.Здуње (опш.Македонски Брод). Пожарот кај м.в.Фазанерија е под целосна контрола. Пожарот во с.Корито е локализиран.**

## <u>Состојба со пожарите на територијата на Македонија до 13:00 ч. 09.08.2017</u>

**Скопски регион**
**Пожарот кај с.Градманци (опш.Петровец) е сеуште активен. Теренот е непристапен и неопходна е интервенција од воздух. Гори нискостеблеста шума, зеленика и дабова шума. На лице место упатена е и екипа која што ќе дејствуваа од земја, со цел пожарот да се контролира. Пожарот кај с. Никиштани (опш.Ѓорче Петров) е активен но е под контрола, гори нискостеблеста деградирана шума и сува трева.**

**Охридски регион**
**Во општина Дебар, пожарот над село Бањиште на подножјето на планината Крчин, е ставен под контрола.** **(продолжува стр. )**



**Во општина Македонски Брод, пожарите во атарите на селата Близанско, Калуѓерец, Могилец, Растеш и Волче се локализирани. Во атарот на с.Заград има мало жариште на м.в.Секулово гумно, кое вчера беше локализирано со хелихоптер, но поради силен ветар пожарот се разгорел и проширил, па затоа упатени се нови сили од ШС „Сандански" – Македонски Брод. Нов пожар има во атарот на с.Грешница и се интервенира од страна на ЈП Македонски шуми.**

**Велешки регион**
**Пожарот во општина Чашка, кај м.в.Јасеновска глава е активен и со истиот зафатена е нискостеблеста шума и сува трева. Интервенираат лица од ШС Велес, а во функција е и хеликоптер на АРМ. Во општина Кавадарци, пожарот на подрачјето на с.Галиште, е ставен под контрола.**

**Прилепски регион**
**Пожарот во с.Никодин (прилепско) се уште е активен и гори во уредена шума. Пожарот кај м.в.Слива, кај манастирот Писокал „Св.Илија" кој се појави вчера е предизвикан од удар на гром. Зафатена е поголема површина на неуредена шума и интервенираат од страна на ТППЕ од Прилеп и ШС Црн Бор.**

**Тетовски регион**
**Пожарот над с.Копанце кој вчера беше локализиран, повторно е активен на мала површина над с.Копанце. Гори сува трева и ситна деградирана шума и нема опасност по објекти и квалитетна шума. Интервенираат лица од Ш.С Лешница.**

## Состојба со пожарите во Р.Македонија до 13:00 часот 10.08.2017



**Охридски регион**
**Во општина Македонски Брод, во моментов присутни се жаришта на атарот на с.Растеш- М.В. „Секулово гумно„ и М.В. „Коритски дол„, во подножјето на Сува Гора на атар на с.Волче М.В.„Мрамор. Појавен е нов пожар на атар на с.Грешница во непосредна близина на претходниот пожар. Во моментов ангажиран е 1 хелихоптер на АРМ кој дејствува во моментов на атар на селата Брест, Растеш, Волче и Заград. Во општина Кичево пожарот на место м.в.Фрлогоец на Бистра Планина, е активен и се шири кон дабовата шума, екипа на ШС Лопушник, Општина Кичево, ДЗС ПО Кичево и РЦУК Кичево одат на лице место.**

**Велешки регион**
**Пожарот во општина Чашка, кај м.в. Јасеновска глава е сеуште активен. Гори нискостеблеста шума и сува трева. За гасење на пожарот ангажирани се вработени во ШС Бабуна – Велес. Пожарот на отворен простор на подрачјето на с. Галиште општина Кавадарци е сеуште активен. Екипа на ЈП МШ подружница „Бор" е на гасење на пожарот. Гори сува трева, смрека и ниска дабова шума.**

**Скопски регион**
**Пожарот кај с. Никиштани (Општина Ѓорче Петров) е ставен под контрола и нема опасност од натамошно ширење. Пожарот кај с. Градманци (Општина Петровец) е ставен под контрола. Пожарот над с. Црн Врв (Општина Студеничани) е активен и истиот е на непристапен терен каде гори ела.**

**Битолски регион**
**Пожарот кај с. Никодин се уште е активен. Утрово упатена е екипа од вработени од ЈП МШ „Црн Бор„-Прилеп. Пожарот во близина на с. Бонче и Манастирот Свети Илија е изгаснат. Додека кракот према с. Крушевица во место викано Липов Дол е сеуште активен. Пожарот настанат во текот на вчерашниот ден кај новите градски гробишта во Прилеп од запален отпад, сува трева и гранки за брзо време е проширен и опожарена е површина од околу 60 хектари во која дел има опфатено и борова шума. Моментално пожарот е активен во мал дел во близина на с. Горно Село, и Мраморани општина Долнени како и Мажучиште општина Прилеп. Во моментот има екипи од ТППЕ-Прилеп, од ЕЛС-Прилеп, ЈКП Комуналец-Прилеп, Планинарско друштво Картуш-Прилеп и други доброволци. Моментално гори сува трева, смрека, и друга деградирана шума. Нема опасност од загрозување на манастирот Трескавец.**

**Тетовски регион**
**Пожарот над с.Копанце, Туденце и Сиричино, општина Јегуновце е активен. Гори сува трева и нискостеблести жбунести растенија, на карпест и тешко пристапен терен. Пожарот во атарот на с.Гургурница, општина Брвеница е активен. Гори сува трева и пасишта и според информациите со кои располагаме, нема опасност од проширување и зафаќање на шумата.**

## Состојба со пожарите на територијата на Македонија до 13:00 ч. (11.08.2017)



**Македонски Брод - Кичевски регион**
**Во општина Македонски Брод, во моментот активен е пожарот во атарот на с.Грешница додека пожарите кај селата Растеш, Волче, Заград и Брест се ставени под контрола. Во моментов во овој регион ангажирани се екипи на ЈП „Македонски Шуми“ - Македонски Брод. Пожарот кај м.в.Фрлогоец на Бистра Планина е сеуште активен. Гори сува трева, смрека и нискостеблести дрва, а интервенираат екипи на ШС „Лопушник“.**

**Велешки регион**
**Активен е и пожарот кај м.в.Јасеновска глава кој зафаќа површина на подрачјето на општина Прилеп. Гори нискостеблеста шума и сува трева. За гасење на пожарот ангажирани се вработени во ШС „Бабуна“ Велес, а интервенира и еден хелихоптер на АРМ. Пожарот на подрачјето на с.Галиште опш.Кавадарци е сеуште активен, истиот се шири под с. Галиште од правец на м.в.Србиново. Еден крак се движи кон Црна Река, а другиот крак се движи кон с.Гуѓаково. Гори сува трева, смрека и ниска дабова шума. Пожарот кај Мушов Гроб – Мрежичко е ставен под контрола.**

**Прилепски регион**
**Пожарот во близина на манастирот Трескавец и населените места Мажучиште, Мараморани и Горно Село е ставен под контрола. Има чадење на одредени места во изгорениот дел. Ангажирани се пожарникари и доброволци за контрола на пожарот (опш.Прилеп) и не постои опасност од загрозување на манастирот Тресковец. Пожарот во близина на с.Крушевица е сеуште активен. Се работи за непристапен терен, каде е зафатена деградирана шума. Ангажирани се лица од ЈП „Црн Бор“ Прилеп и од месно население. Пожарот кај с.Никодин сеуште е активен и се наоѓа во уредена шума. Ангажирани се вработени од ЈП МШ „Црн Бор“ Прилеп.**

**Тетовски регион**
**Пожарот во с.Гургурница, општина Брвеница е активен. На овој пожар интервенираат екипи на Македонски Шуми и на ДЗС, како и лица од месното население.**
**Активен е и шумскиот пожар во с.Балиндол над рудникот, на кој дејствува екипа од ШС Шумско Шар.**

**Охридски регион**
**Активен шумски пожар има над селото Богојци, општина Струга. За гасење на пожарот ангажирани се пожарникари и вработени од ЈПСШ Јабланица – Струга.**

## Состојба со пожарите на територија на Македонија до 19:00 ч. (12.08.2017)

**Југозападен плански регион**
**Во пожарот на м.в.Фрлогоец (Женска планина) на Бистра Планина, гори пасиштето (сува трева и смрека) и ниско стеблеста деградирана дабова шума. На теренот се лица од ШС „Лопушник“, а во гаснење на пожарот делуваа и два авиони канадери на ДЗС. Пожарот на м.в. „Коритски дол“ кој беше активен е со намален интензитет поради дејството на хеликоптерите и силите присутни на теренот. Населеното место Растеш не е загрозено, а на терен е екипа на ЈП„Мак.Шуми. Попладнево дејствуваат 2 авиони на ДЗС на активните жаришта на атарот на село Волче и с.Заград на М.В. „Мрамор„. Моментално населените места Заград и Волче поради оддалеченоста од активните жаришта не се загрозени. Пожарот на атар на с.Грешница во ментов е под контрола и обиколен со заштитен појас. Гори нискостеблеста деградирана шума од смрека и даб која од претходните пожари беше опожарена. За пожарот на атарите на с.Растеш , с.Заград и с.Волче ангажирани се следните сили: ЈП„Мак.Шуми, ТППЕ – М.Брод, како и лица од месното население. Попладнето дејствуваа и 2 авиони на ДЗС. Појава на шумски пожар имаше и во планинскиот дел близу с.Богојци кон правецот на с.Татеши. Зафатена е нискостеблеста и дабова шума. Во гаснење на пожарот ангажирани се вработени од Шумското стопанство Струга.**

**Повардарски плански регион**
**Пожарот кај Јасеновска глава од страна на с.Попадија е активен, но стишан и гасат луѓе од ШС Бабуна. Во Богомила над стариот пожар утрово беше запален нов пожар, кој сега е стишен. На лице место се луѓе на ШС Бабуна. Пожарот во атарот на с.Галиште во текот на претпладнето беше згаснат но поради силен ветер повторно се разгорел. Гори на мв Ореов дол, мв Бајков осој и се движи кон с.Галиште. Кон него се упатија сили за гаснење. Пожарот во месноста Мушов Гроб кој поради ветрот се повтори е локализиран и се врши правење безбедносен појас. Гасат луѓе од ШС Бор.**
**(продолжува стр. )**

**Северен (скопски) плански регион**
**Пожарот помеѓу селата Гумалево и Дејковец каде гори ниска неквалитетна шума е со намален интензитет. Вработени од ШС се на терен и продолжуваат со активностите за гаснење.**

**Пелагонски плански регион**
**Пожарот во близина на манастирот Трескавец и населените места Мажучиште, Мараморани и Горно Село, повторно е активен во правец на с.Забрчани. Гори сува трева. На терен има екипа од ТППЕ и доброволци. Не постои опасност од загрозување на манастирот Трескавец. Пожарот кај с.Никодин каде се ангажирани вработени од ЈП МШ „Црн Бор„-Прилеп е ставен под контрола. Пожарот во близина кај с.Крушеви-с.Бонче е локализиран, екипата се повлекува од теренот.**

**Тетовско-полошки плански регион**
**Огнот во опожарените места, во близина на с.Гургурница, Копанце, Туденце и Сиричино сеуште тлее и тоа на сува трева и ниско жбунести растенија. Истиот постојано го држат под контрола вработени во ЈП Македонски Шуми, Припадници на ДЗС, граѓани од населените места, членови на ловни друштва, а по потреба, во мобилна состојба се и вработени во ТППЕ од Тетово. Истата состојба е и во с.Корито, каде гори сува трева и нискожбунести растенија. И на таа локација ангажирани се ЈП Мак.Шуми, ДЗС, ТППЕ и граѓани. Околу опожареното место, направен е појас и ширењето на огнот е изолиран. Попладнето е пријавен шумски пожар над с.Волковија – Чегране м.в.Чука. На терен се пратени екипи од ТППЕ.**

## Состојба со пожарите на територија на Македонија до 19:30 ч. (13.08.2017)

**Пожарот кај Јасеновска глава од страна на с.Попадија е локализиран. Интервенирале вработени од ШС „Бабуна“. Пожарот кај Богомила, пред тунелот на пругата за с.Гостиражни (Прилеп), е под контрола. Интервенираат од ШС „Бабуна“ – Велес и лица од месно население од с.Богомила. Пожарот на подрачјето на с.Галиште, со кој е зафатена сува трева, е под контрола. Пожарот во близина на населените места Мажучиште, Мараморани и Горно Село, повторно е активен во правец на с.Горно село каде гори сува трева. На терен има екипи од ТППЕ Прилеп, Јавните претпријатија во Прилеп и месно население. Пожарот во близина на селата Крушевица и Бонче е под контрола. Пожарот кај с.Никодин е ставен под контрола, а на терен има вработени од ШС „Црн Бор“ Прилеп Шумскиот пожар во атарот на с.Норово е локализиран, а теренот го контролираат ТППЕ Крушево, ШС Липа Крушево и месно население. Пожарот на м.в.Фрлогоец (Женска планина) на Бистра Планина е под контрола и со мал интензитет. Пожарот кај кај с.Кованец м.в.Милош кој беше локализиран претпалднето од страна на ТППЕ Гевгелија и вработени во ШС „Кожуф“ Гевгелија, попладнето повторно е активен. На терен дејствува екипа од ШС Кожуф. Гори сува трева и деградирана шума (даб и прнар).**

## Состојба со пожарите на територијата на Македонија до 13:00 ч. (14.08.2017)

**Пожарите во подрачјето на општина Македонским Брод во атарот на селата: Волче, Заград, Растеш, Здуње, Близанско и Грешница, се целосно изгаснати. Пожарот кај Јасеновска глава од страна на с.Попадија е локализиран. Денес на терен се 4 лица од ШС Бабуна за контрола на теренот. Пожарот кај Богомилскиот тунел во текот на вчерашниот ден е ставен под контрола. Денес се врши контрола на опожарената површина од страна на 5 лица вработени во ШС Бабуна. Пожарот во општина Кичево, на м.в.Фрлогоец (Женска планина) на Бистра планина е активен на мала површина. Гори пасиште (сува трева и смрека) и ниско стеблеста деградирана дабова шума. Утрово во гаснењето на пожарот интервенираат 5 лица од ШС Лопушник од Кичево. Пожарот во близина на населените места Мажучиште, Мраморани и Горно Село, прилепско е ставен под контрола.Во струшкиот регион, на м.в. Тоски, помеѓу селата Богојци и Татеши избувнат е шумски пожар со кој е зафатена дабова и ниско стеблеста шума. На негово гаснење интервенираат пожарникари од ТППЕ Струга и лица од ШС Јабланица. Во текот на денешниот ден, лица од ЦУК, ДЗС, МЗШВ и ЈП Македонски Шуми вршат извидување, набљудување и процена на состојбата со пожарите, од воздух со хеликоптер. Забраната за движење во шумите продолжува, а сеуште има и засилени контроли од страна на МВР во соработка со Шумска полиција. Авионите за гаснење пожар на ДЗС се подготвени доколку се процени дека има потреба да интервенираат и се побара таков ангажман од ЕЛС.**



## Состојба со пожарите на територијата на Македонија до 11:00 ч. (16.08.2017)

**Југозападен плански регион**



**Пожарот на м.в.Фрлогоец (Женска планина) на Бистра Планина, кој во текот на вчерашниот ден беше локализиран повторно е активен. Заради непристапност на теренот, истиот се надгледува од вработените на ШС Лопушник од Кичево. Во текот на вчерашниот ден пожарот помеѓу селата Карабуница и Староец, општина Кичево повторно се активира, а во вечерните часови е ставен под контрола. Во претпладневните часови во текот на вчерашниот ден започнат е шумски пожар на место викано Краста, атар на с.Октиси, општина Струга. Во гаснењето на пожарот интервенирале екипа на ТППЕ. Во текот на ноќта истиот е стишан(нема чад). Во попладневните часови појавен е нов пожар во атарот на селата Девич и Грешница м.в. Попоец, општина Македонски Брод. Гори нискостеблеста шума од габер, смрека и даб. Во текот на ноќта екипите на ТППЕ М.Брод и ЈП Мак.Шуми М.Брод, пожарот го ставија под контрола. Исто така, во атарот на селата Растеш и Заград повторно е активирано едно жариште. Во моментов се упатени екипи од ЈП Македонски Шуми - Мак.Брод, заради контрола на пожарите во с.Грешница и с.Девич и на предходно опожарено место на атар на с.Брест.**

**Источен плански регион**

**Во текот на вчерашниот ден во попладневните часови пријавен е пожар во атар на с.Пирава. Со пожарот е зафатена нискостеблеста шума. Во гаснењето на пожарот интервенирале екипи на ТППЕ Валандово, ДЗС и вработени од ШС од Валандово и еден авион на ДЗС. Во текот на ноќта пожарот е локализран. Екипа од ШС од Валандово го контролира теренот.**

## Состојба со пожарите на територијата на Македонија до 08:00 ч. (18.08.2017)

**Тетовско-полошки плански регион**

**Во текот на вчерашниот ден во Национален парк Маврово се појавија два активни пожари и тоа кај селата Бродец и Бибај. Во атарот на с.Бродец гореше сува трева и смреки, како и еден мал дел од шума, додека во атарот на с.Бибај сува трева и смреки. На двата пожари интервенираа екипи од НП Маврово.**

**Повардарски плански регион**

**Во текот на вчерашниот ден во попладневните часови се појави пожар кај с.Крушевица (опш.Росоман), со кој е зафатена сува трева. На истиот интервенираа екипи на ТППЕ Кавадарци. ШС „БОР“ – Кавадарци и ЕЛС Росоман.**

**Југозападен плански регион**

**Во текот на вчерашниот ден во попладневните часови во атарот на с.Брест појавен е нов пожар во кој гореше сува трева и нискостеблеста вегетација. Екипа од ШС М.Брод дејствуваше на терен за локализирање и контрола на пожарот.**

## Информација за пожари во кризниот регион и други во Македонија до 17:00 ч. (20.08.2017)

**Охридски регион**

**Пожарот во атарот на селата Вапила и Расино каде гори мешана шума е активен. По интервенцијата на авионите на ДЗС во претпладневните часови дојде до смирување на пожарот и негова контрола. Меѓутоа, поради силниот ветар пожарот се обнови во правец на с.Сирула. На местото на пожарот се наоѓаат екипи на ТППЕ-Охрид и ШС Галичица-Охрид. Моментално нема опасност од загрозеност на населни места од пожарот. Пожарот на атарот на с.Делогожда-Струга кој се појавил во текот на вчерашниот ден моментално е под контрола. На местото на пожарот се наоѓа екипа на ТППЕ-Струга која го контролира опожарениот простор. Пожарите во Македонски Брод се под контрола, а лица од ШС М.Брод вршат контрола на просторот кој што беше опожарен.**

**Велешки регион**

**Пожарот во атарот на с.Цидимирци е ставен под контрола. Екипите на ШС Бабуна и ТППЕ Велес се на терен и вршат обиколка и контрола. Околу пладне пријавен пожар во атарот на с.Попадија, мв Василеви гробишта. Пожарот е на непристапен терен и гори со слаб интензитет. Екипа од ТППЕ Велес е на терен и се очекува истиот ноќеска да се изгаси.**

**Струмички регион**

**Пожарот во атарот на с.Казандол према с.Фурка околу 12.00 часот е ставен под контрола. Нема активно горење, а на терен се наоѓаат вработени од ШС Валандово.**

**Кумановски регион**

**Околу пладне ТППЕ Кратово интервенира во с.Железница на запалена сува трева и мешовита шума. Пожарот е сеуште активен и во гасење на истиот учествуваат и лица од Шумско стопанство Кратово.**

## Авион на ДЗС се вклучи во гасењето на пожарот кај м.в. Сува Маала (26.08.2017)

**Во текот на вчерашниот ден во попладневните часови започнат е шумски пожар на борова шума на место викано Сува Маала во општина Македонска Каменица. Во гаснењето на пожарот учествуваа: ТППЕ Македонска Каминица, ЈП -Камена Река; ЈП-МШ-Голак -Делчево; Шумска полиција; ТППЕ-Делчево; ТППЕ-Виница, ТППЕ-Кочани; со 2-прелети и лица од месното население. Поради сувиот и тешко прооден терен и потпомогнат од силниот ветер пожарот се движи према с.Цера, но нема загрозени живеалишта или други објекти. Утрово се продолжува со гаснењето.**



## Информација за пожарите во Р.Македонија и состојба до 12:00 часот (26.08.2017)



**Пелагониски плански регион**
**Пожарот кај с.Дабница, сеуште е активен и проширен на повеќе места. Зафатена е сува трева смрека и леска. Од рано утрово на терен интервенираат екипите на ТППЕ Прилеп, ШС „Црн бор“ – Прилеп, ЈП Водовод, ЈП Комуналец, Мермерен комбинат – Прилеп, АРМ и месно население. Поради непристапниот терен отежнато е гасењето на истиот.. Со градежни машини – булдожери во шумско стопанската единица „Дервен – Никодин“, во близина на вештачкото езеро Прилеп се прават проширувања на патот и пресеки со цел да се спречи проширување на пожарот во квалитетна шума.**

**Источен плански регион**
**Шумскиот пожар во близина на градот Македонска Каменица, во правец на с.Цера, од утрово е ставен под контрола. Пожарот зафати високостеблеста борова шума. Од утринските часови на терен интервенираат екипи на ТППЕ Македонска Каменица, ЈП „Камена Река“ – Македонска Каменица, ШС „Голак“ – Делчево, Шумска Полиција – Македонска Каменица, ТППЕ Делчево, ТППЕ Виница, ТППЕ Кочани, ДЗС со 2 авиони, лица од месно население и ЈП „Брегалница“ – Делчево.**

**Југозападен плански регион**
**Во пожарот во атарот на с.Преглово – општина Пласница, каде гори густа нискостеблеста дабова шума и сува трева, во гасење на пожарот ангажирани се лица од ШС „Сандаски“ – Македонски Брод. Во моментот не постои опасност од загрозување на с.Преглово.**

## Обновен пожарот помеѓу селата Зајас, Цума и Г. Строгомиште 31.8.2017

**Денес околу 13,00 часот се обнови пожарот помеѓу селата Зајас, Цума и Горно Строгомиште. Во моментов гори борова шума, а во горниот дел нискостеблеста шума. Во гаснењето на пожарот учествува екипа од вработени од ШС Лопушник и пожарникари од ТППЕ Кичево. Заради интензитетот на пожарот побарана е интервенција на авиони од ДЗС кои денес интервенираа 3 часа. Утре во 08,30 часот ќе се продолжи со гасење на пожарот.Во моментов има нов пожар во атар на с.Слатина, м.в. „Кај мелојте“. На лице место има лица од ЈП „Македонски Шуми“ и од шумска полиција. Во моментов гори даб и нискостеблеста шума на Баба Планина.**



## Подготовка за нов проект со JICA (10.08.2017)



**Центарот за управување со кризи и Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија- JICA, денес (10 август 2017 година) потпишаа заеднички документ кој претставува основа за имплементација на Проектот за Градење на капацитети за намалување на ризици од катастрофи во областа на животната средина (ECO DRR) преку одржливо управување со шумите.**

**Основната цел на овој проект е да се развие модел на Екосистемски-базирано намалување на ризиците од катастрофи (Eco-system based Disaster Risk Reduction - ECO-DRR) во Република Македонија против природни непогоди, преку употреба на повеќекорисничката функција на шумите, односно зајакнување на нивната заштитна вредност. Крајната цел на проектот е долгорочно да се намалат ризиците од поројни поплави, лизгање на земјиштето, ерозија на почвата и шумските пожари.**

**Потпишувањето на главниот проектен документ овозможува во наредниот период од страна на JICA да се пристапи кон подетална анализа и верификација на предложените проектни активности, со цел нивно прифаќање и кон крајот на оваа година започнување со имплементација на проектот. Како основа за утврдување на потребата од ваква проектна интервенција, претставуваа анализите на зачестените ризици од катастрофи, кои во последните години предизвикаа загуби на човечки животи, оштетувања на материјални добра, инфраструктура, како и голем степен на деградација на животната средина (екологијата). Покрај другото, причините за овие катастрофи се поврзани со недоволна искористенот на заштитните функции на екосистемот, пред се на шумите, кои во подолг период се изложени на загуби и штети, предизвикани од шумски пожари, неконтролирани активности на човекот, загаденоста на животната средина и слично.**
**Во процесот на имплементација на проектините активности се предвидува широка меѓусекторска соработка и вклученост на повеќе субјекти, како што се: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЈП Македонски шуми, Министерството за животна средина и просторно планирање, Високо-научни и образовни установи, Единици на локалната самоуправа, локлната заедница и други.**

**Во рамките на овој проект ќе бидат спроведени конкретни мерки за зајакнување на екосистемот на повеќе локации во Р. Македонија, со крајна цел да се зголеми нивната отпорност на ризиците од катастрофи поврзани со поројни поплави, лизгање на земјиште, ерозија на почви и пожари на отворен простор. Проектот ќе овозможи присуство и можност за соработка со експерти од Јапонија од наведените области, со што ќе се обезбедат основи за трансфер на знаења и искуства од земја која е лидер во светот во оваа област, каде преку системски мерки се намалува ранливоста и изложеноста на ризици од катастрофи.**

**Со денешното потпишување практично се обезбедува основа за продолжување на успешната соработката помеѓу Центарот за управување со кризи и JICA, која започна во 2011 година преку имплементацијата на проектот за Воспоставување на интегриран систем за превенција и рано предупредување за шумски пожари.**

**Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA) е јапонска владина агенција надлежна за имплементација на Официјалната развојна помош преку програмите на техничка соработка, поволни заеми и грантови. Покрај проектите од областа на намалувањето на ризици од катастрофи, досега, во Македонија, (JICA) има имплементирано проекти во областите од развојот на инфраструктурата, на животната средина, зајакнување на управувачките капацитети и развојот на приватниот сектор.**



# ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА



## Формиран Медиа центар

За време на кризната состојба, беше формиран Медиа центар за информирање на јавноста, кој секојдневно одржуваше прес конференции и преку средствата за јавно информирање ја известуваше јавноста за состојбите со пожарите на територијата на Република Македонија.







## Со помош на 195 спасени две лица изгубени на Пелистер 21.8.2017

РЦУК Битола известува дека во текот на вчерашниот ден, околу 20:00 часот, на телефонскиот број за итни повици на ЦУК 195, од страна на 2 лица добиле известување дека се изгубиле на планината Пелистер и дека се во добра здравствена состојба. Исто така, од нив ги добиле и координатите на локацијата на која се наоѓаат, за што и веднаш се известени ДЗС Битола, кои испратиле екипа од 3 планинари за да ги пронајдат. Поради проблем со телефонската линија која ја имаа лицата, единствен контакт можеле да остварат само на Телефонскиот број за итни повици на ЦУК 195. Лицата се пронајдени околу 02:40 часот.


**Билтен на Центарот за управување со кризи на Република Македонија**
**(електронско издание)**

Издава: Центар за управување со кризи на Република Македонија
Редакциска подготовка и графички дизајн: Одделение за односи со јавноста и протокол
Адреса : ул. Димче Мирчев бр. 9, П.ФАХ 372 1.000 - Скопје

контакт: тел: 3 249 101 факс: 3 249 102
веб: www.cuk.gov.mk
e-mail. mail@cuk.gov.mk